АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 21.05.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2840 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 24 април 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 21 мај 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Членот 55, став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*во програмите што содржат пласирање производи не смее да му се придава претерана важност - истакнување или упатување - на производот за кој станува збор*);

   - **Упатството за примена на одредбите за пласирање производи** *(„Службен весник на Република Македонија" бр. 201/14);*

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 18.03.2019 година, за непочитување на членот 55, став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за преземање мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-139, 18.03.2019 година) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот во рок од 30 дена од денот на приемот на решението (18.03.2019 година) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 24 април 2019 година, на државно ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил

извршената повреда на членот 55 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***